STEPIN & LOKLIK

(2026)

# КАТАЛОГ НА ПРОИЗВОДИ

## ЗАЕДНО ГО СОЗДАВАМЕ ТВОЈОТ БРЕНД!








# ЗА БРЕНДОТ LOKLIK

Во нашата продавница нудиме LOKLiK машини и материјали за рачни изработки, дизајнирани да бидат лесни за користење и висококвалитетни. Без разлика дали сакате да ја персонализирате облеката, вашиот омилен термос за пиење кафе или да додадете уникатен допир на вашиот проект, LOKLiK Ви дава алатки за да ги оживеете вашите идеи.

Нашите производи се погодни за креативци од сите нивоа- од почетници до искусни уметници и овозможуваат забавен, едноставен и успешен креативен процес. Со LOKLiK, секој проект станува уникатен и личен, а вашата креативност се изразува лесно и со задоволство.

Посетете ја нашата продавница и откријте како LOKLiK може да го направи вашиот ден креативен!



# LOKLIK ICRAFT

Држач за таблет и телефон

Држач за алатки

Компатибилно со различни алатки



Компактно& лесно









## Клучни карактеристики:

- Прецизност до 0,01 mm - совршени и чисти сечења.
- Сече хартија, винил, ткаенина, вештачка кожа, картон.
- Следи печатени контури со точност од 0,5 mm.
- Може да црта, додава фолија (додаток) и да прави прецизни превои.
- USB и Bluetooth поврзување
- Бесплатен софтвер + 50.000+ дизајни



# LOKLiK ImPres Auto 2 Smart

Идеална за персонализирана облека, подароци и мали бизниси!
Брза, прецизна и едноставна за користење – создава професионални резултати без напор.

Клучни карактеристики:

- Совршени резултати на различни материјали.
- Работи со предмети до 4,5 cm високи без дополнителна подлога.
- Пренос на големи предмети или повеќе мали проекти одеднаш.
- Едно копче за старт; машината ја завршува работата сама.
- Лесно навигирање и избор на претходно дефинирани режими.
- Брзо загревање: 210°C за околу 5,5 минути благодарение на двозонското греење.
- Безбедност и заштеда на енергија по 15 минути неактивност.
- Подготвена за HTV, сублимација, трансфер хартија и DTF.




# LOKLIK EASY HEAT PRESS

## Клучни карактеристики:

- Совршени резултати на различни материјали.
- Работи со предмети до 4,5 cm високи без дополнителна подлога.
- Пренос на големи предмети или повеќе мали проекти одеднаш.
- Едно копче за старт; машината ја завршува работата сама.
- Лесно навигирање и избор на претходно дефинирани режими.
- Брзо загревање: 210°C за околу 5,5 минути благодарение на двозонското греење.
- Безбедност и заштеда на енергија по 15 минути неактивност.
- Подготвена за HTV, сублимација, трансфер хартија и DTF.

1



2



3



# LOKLIK AUTO TUMBLER HEAT PRESS



Лесно персонализирајте шолји, термоси и чаши со автоматска преса за прецизно пренесување на дизајн.

Карактеристики:

- Автоматско прилагодување според дијаметарот
- За керамика, стакло и нерѓосувачки челик (Ø 7,5–8,1cm, до 21cm)
- LED екран за температура до 200 °C и време до 600 сек
- Автоматско исклучување и итно стопирање
- Паметење на последни поставки



# LOKLIK IMPRESS MINI 3










Делумно заоблена и широка плоча за топлина (9,3 x 8 cm) -совршена за шољи, термоси, капи, чевли.

Температура 100–200°C, тајмер до 600 сек.

Интуитивен екран за лесно следење на поставки.








Мултифункционална безбедносна база – стабилна и заштитена работа

Паметна меморија и автоматско исклучување по 15 минути




# LOKLIK IMPRESS HAT

1



Ставете ја капата

2



Подесете температура

3



Поставете ја пресата
на капата

4



Готово!

LOKLiK ImPress™ Hat овозможува лесно персонализирање на различни стилови капи и шешири, вклучувајќи структурирани, нископрофилни и bucket hat. Со брзо и рамномерно загревање до 200°C, интуитивен екран за контрола на температура и тајмер, прилагодливи поставки, меморија за последните користени параметри и автоматско исклучување, оваа мултифункционална топлинска преса обезбедува практичност, безбедност и професионални резултати.

# МАТЕРИЈАЛИ И АЛАТКИ

## HTV - HEAT TRANSFER VINYL



Персонализација на маици, чанти и друга облека со дизајни што се нанесуваат со топлина.
Достапна е во повеќе варијанти: еднобојна (Basic), со светки (Glitter), со прелив ефект (Chameleon) и Matless.
Достапна во разни бои.
Се сече со машина за сечење винил или со ножици, а се нанесува со термо-преса или пегла.

## КАКО СЕ КОРИСТИ?



**Дизајн**
Креирајте го вашиот дизајн. Пред сечење, проверете дали е огледално поставен (mirrored).



**Сечење**
Поставете го материјалот на подлогата за сечење со мат страната нагоре. Исечете го дизајнот со LOKLiK iCraft™ машина.



**Отстранување**
Отстранете го вишокот фолија од проѕирната заштитна подлога.



**Притискање**
Поставете го дизајнот на ткаенината со трансфер фолијата нагоре. Одозгора ставете тефлонска подлога и притиснете со термо-преса според препорачаната температура во упатството.



**Отстранување на фолијата**
Оставете да се излади, па внимателно отстранете ја трансфер фолијата.



**Готово!**
Вашиот дизајн е подготвен.



# PERMANENT ADHESIVE VINYL

Перманентна самолеплива винил фолија има силен леплив слој кој овозможува цврсто прилепување на различни површини. Идеална е за изработка на издржливи и долготрајни дизајни на тврди материјали како стакло, керамика, пластика и други површини.
Отпорна е на надворешни услови и миење, што ја прави погодна за налепници, табли и персонализирани предмети. Се сече со машина за сечење винил или со ножици.
Достапна е во повеќе варијанти: Matte (мат), Glossy (сјајна), Mirror Metallic, Holographic (холографска).

## КАКО СЕ КОРИСТИ?



**Дизајн и сечење**
Креирајте го дизајнот и поставете ја фолијата на подлогата за сечење со мат страната нагоре. Исечете со LOKLiK iCraft машина.



**Отстранување**
Отстранете го вишокот фолија, а дизајнот оставете го на PET подлогата.



**Пренесување**
Исечете парче трансфер лента доволно големо да го покрие дизајнот. Поставете ја врз него и со шпатула отстранете ги меурчињата воздух. Отстранете ја PET подлогата и проверете дали дизајнот целосно се пренел на трансфер лентата.



**Поставување**
Исчистете ја површината, поставете го дизајнот и повторно поминете со шпатула за добро прилепување. Потоа внимателно отстранете ја трансфер лентата.



# SUBLIMATION PAPER

Сублимациска хартија за интензивни и трајни отпечатоци на облека, шолји и други производи за сублимација. Обезбедува јасни детали, одлична задржливост на боја и отпорност на перење, висока температура и сонце.




## КАКО СЕ КОРИСТИ?

Се печати со сублимациско мастило (во огледална слика) и се пренесува со термо-преса.
Се користи на светли материјали и површини за сублимација.
Кај материјали со повеќе од 35% памук потребен е сублимациски премаз.



# HEAT TRANSFER PAPER SHEET

LOKLiK хартијата за термо трансфер е наменета за светли или  темни ткаенини, обезбедувајќи живописни и издржливи дизајни. Пакувањето содржи 8 премиум листови, погодни за маички, торби и други проекти. Лесно се користи со термо преса или домаќински пегла, може да се сече рачно или со машини како LOKLiK iCraft™, Crafter, Cricut или Silhouette.

## КАКО СЕ КОРИСТИ?




Се печати со inkjet принтер и потоа се пренесува на ткаенината со пегла или термо преса. Не е транспарентна — непечателните делови оставаат бели рабови.

Препорачани материјали:

- Светли (темни) ткаенини со ≥60% памук
- Светли (темни) најлонски ткаенини
- Светли (темни) памучни ткаенини






# LOKLIK CUTTING MAT

Подлогите за сечење на LOKLiK се поделени во четири варијанти: Soft Grip, Standard Grip, Hard Grip, Fabric Grip.

## Soft Grip

За лесни материјали




Soft Grip подлогата е наменета за обработка на лесни и чувствителни материјали. Поседува нежна леплива површина која овозможува сигурно фиксирање за време на процесот на сечење, без ризик од оштетување при отстранување. Погодна е за принтерска хартија, тенок картон, велум, конструкциска хартија и лесен винил. Претставува идеално решение за проекти кои бараат прецизност и внимателна обработка на материјалот.

## Standard Grip

За средно-тешки материјали




Standard Grip е универзална подлога со балансирано ниво на лепливост, наменета за широка примена во креативни и професионални проекти. Обезбедува стабилно држење на материјалите при сечење и едноставно отстранување по завршување на процесот. Погодна е за термотрансфер фолија (HTV), винил, картон, дизајнерска хартија и релјефен картон. Претставува оптимален избор за секојдневна употреба и разновидни апликации.

## Hard Grip

За тешки материјали



Strong Grip подлогата се карактеризира со високо ниво на лепливост и е специјално дизајнирана за работа со потешки и поцврсти материјали. Обезбедува максимална стабилност и сигурност при обработка на специјален картон, глитер картон, чипборд и текстил со стабилизатор. Оваа подлога е наменета за комплексни и технички проекти кои бараат дополнителна поддршка при сечење.




Fabric Grip е специјализирана подлога наменета за обработка на текстилни материјали. Обезбедува сигурно фиксирање на ткаенината и спречува нејзино поместување за време на процесот на сечење. Погодна е за памук, полиестер, тексас, платно, креп хартија и други видови текстил. Претставува професионално решение за текстилни апликации, декорации и персонализирани производи.

## Fabric Grip

За текстил

# LOKLIK GRID TRANSFER TAPE

LOKLiK Grid Transfer Tape овозможува прецизен и лесен пренос на винил дизајни на различни површини. Транспарентната фолија со интегрирана мерна мрежа обезбедува точно порамнување и сигурно позиционирање при апликација.
Лепливиот слој е балансиран за стабилен пренос без набори и без оставање остатоци. Компатибилна е со повеќето видови самолеплив винил и претставува практично решение за декоративни, креативни и професионални проекти.

## КАКО СЕ КОРИСТИ?



**Дизајн и сечење**

Креирајте го дизајнот и поставете ја фолијата на подлогата за сечење со мат страната нагоре. Исечете со LOKLiK iCraft машина.



**Отстранување на вишок**

Отстранете го вишокот винил, оставајќи го само дизајнот на PET подлогата.



**Пренос**

Исечете парче transfer tape доволно големо да го покрие дизајнот. Поставете го врз винилот и поминете со шпатула (scraper) за да ги отстраните воздушните меурчиња. Внимателно отстранете ја PET подлогата и проверете дали дизајнот целосно се пренел на лентата.



**Апликација**

Исчистете ја површината на која ќе се аплицира дизајнот. Поставете го внимателно, поминете повторно со шпатула и нежно отстранете ја transfer лентата. По потреба, постапката може да се повтори за повеќебојни дизајни.




# LOKLIK WEEDING TOOLS

LOKLiK Weeding Tools претставува комплетен сет алатки наменет за прецизно и ефикасно отстранување на вишок материјал при работа со винил, термотрансфер фолија (iron-on) и други heat transfer материјали.
Овој сет овозможува чиста и професионална завршница на секој дизајн.
Алатките се ергономски обликувани за удобност и максимална контрола при работа, овозможувајќи лесно ракување дури и со најситните и најдетални елементи, без дополнителен напор на раката.
Погодни се за проекти од различна големина- од мали декоративни налепници до големи ѕидни апликации.










# LOKLIK PTFE TEFLON SHEET

**LOKLiK PTFE Teflon Sheet 3-Pack** содржи три нелепливи, термоотпорни листови (30×40 см и 40×50 см) за термичка обработка и креативни проекти. Обезбедуваат рамномерна топлина, заштита на работната површина и совршени се за HTV, сублимација и други техники со топлина.

# LOKLIK SUBLIMATION HEAT TAPE

LOKLiK Sublimation Heat Tape е отпорна на висока температура (-30°C до 200°C) и обезбедува стабилно фиксирање на сублимациски трансфери. Спречува поместување, не остава траги и е идеална за прецизни и живописни резултати на облека, шољи и други персонализирани проекти.








# LOKLIK IDEA STUDIO

Претвори ги твоите идеи во реалност со LOKLiK IdeaStudio™, бесплатен софтвер за дизајн за LOKLiK iCraft™ и Crafter. Достапен за Windows, macOS, Android и iOS.

- 50.000+ готови дизајни и професионални проекти.
- Сопствени дизајни: JPG, PNG или SVG фајлови.
- Без претплата и скриени трошоци.
- Управување со повеќе машини преку Bluetooth или USB.
- AI Graphic Assistant: генерира уникатни слики и стилови.
- Достапен на повеќе јазици.

Креирај лесно, брзо и креативно со LOKLiK IdeaStudio™!

